# POSSIBILITIES FOR FINANCING SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES IN THE FIELD OF RURAL TOURISM IN SOUTHEASTERN REGION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Marija Magdincheva-Shopova**
Faculty of tourism and Business logistics, University Goce Delcev-Stip, Republic of Macedonia
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Neda Petroska-Angelovska**
The Institute of Economics-Skopje, University St.Cyril and Methodius, Republic of Macedonia
neda@ek-inst.ukim.edu.mk
**Marija Takovska**
The Institute of Economics-Skopje, University St.Cyril and Methodius, Republic of Macedonia
marija@ek-inst.ukim.edu.mk

**Abstract:** Tourism as an economic area that stimulates the development process of each national economy is one of basic areas that has a multiplicative impact on overall socio-economic development and processes of people national integration. For this reason, tourism stimulates the economic development with great influence on the process of the formation of specialized enterprises in field of rural tourism. Globalization and development processes cause changes in each segment of workforce. In this direction, the needs of tourists are changed.

Research in this paper shows that modern tourists'trends are focused on the approach to nature, natural beauties and tradition. By this phenomenon, characteristic of modern living, development of rural tourism relates to the possibility of generating appropriate offer and allowing them to satisfy the needs of tourists. The goal and subject of research in this paper is to study the possibilities for financing the enterprises's in the field of rural tourism as an alternative form of tourism development in the Southeastern region in the Republic of Macedonia.

The development of rural tourism relates to the representation of small and medium-sized enterprises, as a unique source that can offer an adequate supply and content, creation of specialized financial programs intended for these enterprises and fulfilment of necessary infrastructure conditions. In that context, within the framework of the theoretical approach, in this paper are presented some specific characteristics of rural tourism, as an alternative form of development of tourism as well as possible offers in this area. Natural beauties, clean natural environment rich in lakes, mountains, waterfalls, thermal water, specific villages, diverse traditional food and hospitality, represent the preconditions for the formation of the original tourist offer. With aim of attracting larger number of tourists through the development of tourism in this region, it is necessary to apply an appropriate organized approach in creating the offer and adjusting of the enterprises in this area.

In order to understand the need for creating a supply in this area, in this paper will be conducted practical research.. Through the practical research that will be realized in the paper will be taken, the real situation about the perspective and the financing opportunities of the enterprises in the field of rural tourism and confirmation of the basic hypothesis that adequate financial programs intended for enterprises in this field, will contribute to development of rural tourism in Southeastern region of the Republic of Macedonia. On the basis of the results obtained from the conducted research, will be presented proposals for the development of rural tourism.

**Keywords:** rural tourism, financing, supply, small and medium enterprises

# МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ОБЛАСТА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Марија Магдинчева-Шопова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Неда Петроска-Ангеловска**
Економски институт – Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија
neda@ek-inst.ukim.edu.mk

**Марија Таковска**
Економски институт – Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија
marija@ek-inst.ukim.edu.mk

**Резиме**: Туризмот како економска област која го поттикнува развојниот процес на секоја национална економија претставува една од основните области која има мултипликативно влијание на вкупниот социо-економски развој и процесите на национална интеграција на луѓето. Поради тоа туризмот претставува област која што го поттикнува економскиот развој со големо влијание на процесот на формирањето на специјализирани претпријатија во областа на руралниот туризам. Глобализациските и развојните процеси предизвикуваат промени во секој сегмент од работењето. Во оваа насока се менуваат и потребите на туристите.
Истражувањата покажуваат дека барањата на современите туристите се насочени кон приближување до природата, природните убавии и традицијата. Поради овој феномен карактеристичен за современото живеење, развојот на руралниот туризмот се поврзува со можноста за генерирање на соодветна понуда и овозможување да бидат задоволени потребите на туристите.Целта и предметот на истражување во овој труд се состои на проучување на можностите за финансирање на работата на претпријатијата во областа на руралниот туризам како алтернативна форма на развој на туризмот во Република Македонија.
Во рамките на теоретски пристап во рамките на трудот ќе биде даден приказ на специфичните карактеристики на овој тип туризам, како алтернативна форма на развој на туризмот како и понудата и побарувачката во оваа област.
Природните убавини, чистата природна околина богата со езера, планини, водопади, термални води, специфичните села, разновидната традиционална храна и гостопримството, претставуваат предуслови за формирање на оригинална туристичка понуда. Со цел привлекување на поголем број туристи преку кои ќе се поттикне развојот на туризмот во овој регион, потребна е примена на соодветен организиран пристап во креирањето на понудата и прилагодување на дејноста на работа на претпријатијата во оваа област .
Развојот на руралниот туризам се поврзува со застапеноста на малите и средни претпријатија, како единствен извор кој може да понуди соодветна понуда и содржини, креирање на специјализирани финансиски програми наменети за овие претпријатија и обезбедување на потребните инфраструктурни услови.
За да се согледа потребата од креирање на понуда во оваа област, во рамки на трудот ќе биде спроведено практично истражување. Преку практичното истражување кое ќе биде спроведено во рамки на овој труд ќе се согледа реалната состојба од аспект на можностите за финансирање на претпријатијата во областа на руралниот туризмот и потврдување на основната хипотеза дека постоењето на соодветни финансиски програми наменети за претпријатија кои ќе работата во оваа област, ќе придонесе за поттикнување на развојот на руралниот туризам во Република Македонија.Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување ќе бидат дадени предлози за развој на руралниот туризам.
**Клучни зборови**: рурален туризам,финансирање,понуда, мали и средни претпријатија,

## 1. ВОВЕД

Глобализациските и развојните процеси предизвикуваат промени во секој сегмент од работењето. Во глобални рамки Во оваа насока се менуваат и потребите на туристите а туризмот станува една од областите со најголем потенцијал за раст и вработување. Туризмот претставува патување заради одмор, забава, лекување и разгледување на знаменитости.[86] Спрема официјално објавените податоци од Светската трговска организација во 2015 година, бројот на странските туристи е зголемен за 4,6%. Од туристичката дејност во 2015 година остварени се приходи во износ од 7,58 билиони долари.[87] Бидејќи современите туристи се повеќе се враќаат кон природата и традицијата, развојот на руралниот туризмот се поврзува со промовирање на можности за развој на руралните форми на туризам преку подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, инфраструктурно подобрување, унапредување на работата на претпријатијата и зголемување на грижата за заштита на животната средина. Природните убавини, чистата околина исполнета со езера, планини, водопади, термални води, етно-села, манастири, како и локалните манифестации,

[86] Муќиновиќ, Љ., "Современ лексикон на странски зборови и изрази", Наша книга, Скопје, 1990 г. стр.602
[87] WTO (1998). Tourism: 2020 Vision. Madrid: WTO

традиционална храна и гостопримството претставуваат прдуслови за формирање на оригинална туристичка понуда во овој сектор. Привлечноста и потребата за бегство од динамичнио тживот и работа придонесува луѓето да ги избираат руралните средини како место за идеален одмор. Со цел привлекување на поголем број туристи преку кои ќе се поттикне развојот на туризмот во Југоисточниот регион, потребна е примена на соодветен системски пристап во креирањето на понудата и прилагодување на дејноста на работа на малите претпријатија во областа на туризмот. Од аспект на финансиската позиционираност, руралните средини се карактеризираат со понизок просечен приход по глава на жител и не доволно развиени услуги од една страна и поголеми природни вредности соодветни за одмор и рекреација, кои се привлечни за туристите. Малите и средни претпријатија, претставуваат субјекти кои можат да го понудат она за кое туристите имат потреба односно да генерираат соодветна понуда во овој сектор. Малите бизниси работат со луѓе, додека големите бизниси работат со„системи".[88] Постоењето на соодветни финансиски програми наменети за претпријатија кои ќе работата во оваа област, ќе придонесе за поттикнување на развојот на руралниот туризам во Југоисточниот регион на Република Македонија.

## 3. РУРАЛЕН ТУРИЗАМ - ДЕФИНИРАЊЕ И КАРАКТЕРИСТИКИ

Терминот рурален туразам е прифатен од страна на Европската унија и се однесува на сите туристички ативности во руралните средини. Според дефиницијата на ОЕЦД , секоја област која на локално ниво е населена со просечна густина од 150 луѓе на квадратен километар претсатвува рурална област или средина. На регионално ниво, географските единици се групираат на три дела: доминантно рурално подрачје(15%)., во значајна мерка рурално подрачје(15-50%), и доминантно урбанизирани области(15%).

Според специфичноста на понудата и големината на побарувачката туризмот се дели на масовен и алтернативен.[89] Руралниот туризам има значајно влијание во развојот на туризмот,бидејќи нуди бројни деловни можности и отварање на работни места, но исто така и поради тоа што овозможува остварување на целите во економскиот развој.

Масовниот туризам се карактеризира со зголемено ниво на учество на туристите и неодржливост на природните и културните вредности, како и на голем број социјални и културни влијанија кои негативно се одразуваат на дестинациите[90]. Македонија како планинска земја со голем број села, со благи климатски услови, со богатство на шуми, извонредни пејзажни вредности на релјефот, богата хидрографија и традиционална гастрономска понуда има голем потенцијал за развој на руралниот туризам како форма на алтернативниот туризам. Алтернативниот туризам од друга страна, е насочен кон помали објекти за сместување, поголемо учество на локалната заедница, одржливост, сооднос со социјалните и културните вредности и поголема интеракција меѓу домаќините и туристите[91].

Во стручната литература која ја обработува оваа област се среќават голем број на дефиниции и објаснувања за тоа што претставува руралниот туризам. Споре дефиницијата на Европска Унија, руралниот туризам претставува алтернативна форма на развој на туризмот кој ги опфаќа сите активности во руралното подрачје а не само активности од областа на агро-туризмот и фармерскиот туризам. Овој вид на туризам обезбедува оригинални можности за локален економски развој и вработените во сите туристички капацитети поврзани со конкретната рурална област, природа и искористувањето на можностите кои ги нудат руралните средини. Основни карактеристики на руралниот туризам се поврзуваат со чистата и мирна животна средина, отсуство на гласност и бука, здрава животна средина, домашна-традиционална храна,блиски комуникациски односи со домаќините односно сопствениците на туристичките објекти и запознавање со т.н. рурални или селски работи.

Оваа форма на туризам генерира огромно влијание на локалната економија и социо-културните аспекти на руралните области од една страна и можности за населението кое што живее во тие области од друга страна.[92]

---

[88] Бојаџиоски Д., Блажеска О., (2009), Економика на претпријатие, Економски факултет, Скопје, стр. 121
[89] Методијески Д., АцковскаМ., Петровска Ангеловска Н.,Филипоски О., Еко туризам, Штип, 2017,стр.20
[90] Duffy, R., „A trip too far: ecotourism, politics, and exploitation“, Earthscan Publications Ltd, 2002
[91] Wearing, S., Neil, J., „Ecotourism: Impacts, potentials and possibilities?“, Elsevier, 2009
[92] Nitashree M.( 2012), Rural Tourism Development: An Overview of Tourism in the Tipam Phakey Village of Naharkatia in Dibrugarh District, Assam (India), *International Journal of Scientific and Research Publications,* Volume 2, Issue 12

Важноста на руралниот туризам се состои во изразената интеракција помеѓу земјоделското производство, производството на традиционални производи, промовирање на традицијата, и традиционалните гастрономски и туристички услуги со искористување на постоечките ресурси во руралните средини. Оваа форма на алтернативен туризам е поврзана со природните, социјалните и општествените вредности и овозможува голема поврзаност помеѓу гостите и домаќините односно претпријатијата кои ги нудат т.н. "рурални" туристички услуги .

**3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Со цел да се согледа информираноста и можностите за финансирање на работењето на претпријатијата од областа на руралниот туризам и поттикнување на развојот на останатите алтернативни форми на туризам беше спроведено практично истражување. Во истражувањето применет е методот на анкетен прашалник, кој од соджински аспект се состои од 10 прашања. Истражувањето беше спроведено кај 95 субјекти кои извршуваат одредена туристичка дејност и имаат намера да започнат со извршување на одреда туристичка дејност во периодот од 01.07.2017г. до 31.12.2017г. на подрачјето Југоисточна Македонија. Од анкетираните 95 субјекти , 80 анкетирани субјекти покажаа интерес и одговорија на прашањата од анкетниот прашалник. Истражувањето беше спроведено со цел да се согледа реалната состојба од аспект на подготвеноста на малите претпријатија да понудат соодветни услуги во областа на руралниот туризам, финансиска можност за инвестирање, информираноста за финансиските можности како и ограничувањата со ои се соочуваат малите и средни претпријатија.

**4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Од спроведеното истражување кај претпријатија кои извршуваат одреден вид на туристичко-угостителска дејност во Југоисточниот дел од Република Македонија, вкупниот број на добиени опсервации на секое прашање се констатира дека анкетниот прашалник кој беше предмет на испитување е одговорен од страна на 80 претпријатија кои покажаа интерес и активно учествуваа во истражувањето.

Според добиените одговори на секое прашање, се констатира дека на првото прашање - Дали се информирате за потребите на современите туристи?, поголемиот дел од претпријатијата се изјаснија позитивно, односно 69 претпријатија се изјаснија дека се обидуваат да бидат информирани за потребите на турисите а само 11 претпријатија не се информирани за потребите на современите туристи.

На прашањето-Дали сакате да основате сопствено претпријатие во областа на руралниот туризам?, поголемиот број од претпријатијата вклучени во истражувањето или точно 67 претпријатија одговорија дека сакаат да работат во оваа област а само 13 претпријатија сметаат дека не постојат услови за работа и развој во оваа област.

На прашањето-Во кој сегмент од руралниот туризам - земјоделство, сточарство, гастрономија, градинарство, резбарство и сл. би започнале со конкретна дејност?, поголемиот број претпријатија или 48 претпријатија се изјаснија дека сакаат да инвестираат во областа на традиционалната гастрономија а останатите 32 претпријатија во областа на градинарството и лозарството. На следното прашање-Како, на кој начин се информирате за потребите и можностите за инвестирање?, речиси сите испитаници или 75 претпријатија се изјаснија дека се информираат индивидуално, односно преку медиумите за информирање добиваат информации за можностите за развој на овој сектор. На петтото прашање - Дали планирате да инвестирате во областа на руралниот туризам?, поголемиот дел од анкетираните не се во можност да инвестираат во оваа област односно 59 испитаници се изјаснија негативно а 21 субјект се изјаснија дека се во можност да инвестираат. На прашањето-Дали имате потреба од поддршка од страна на државата за развој на руралниот туризмот?, голем дел од испитаните претпријатија или 75 претпријатија одговорија дека имаат голема потреба од финансиска поддршка од страна на државата за започнување со дејност во оваа област а само 5 претпријатија не очекуваат финансиска поддршка од страна на државата. На прашањето - Дали сметате дека локалната заедница доволно вложува во програми за поттикнување и промоција на руралниот туризам?, сите испитаници се изјаснија дека не се задоволни од поддршката на локалната заедница. На прашањето - Дали сте информирани за можностите за финансирање на претпријатијата во областа на руралниот туризам од страна на државата?, 74 претпријатија одговорија дека не се информирани за можностите за финансирање во оваа област а само незначителен број или 6 претпријатија се изјаснија дека се информираат за можностте за финансирање. На прашањето - Дали сте информирани за можностите за финансирање на претпријатијата во областа на руралниот туризам од страна на банкарските институции и Европски фондови за финансирање?, поголемиот дел од испитаните одговорија дека не се информирани за можностите за финансирање во оваа област, односно 78 претпријатија одговорија дека не се информирани за можностите за

финансирање од страна на банкарските институции и Европски фондови за финансирање во оваа област. Незначителен дел односно само 2 анкетирани одговорија дека имаат информации за можностите за финансирање од страна на банкарските институции и Европските фондови за финансирање. На следното прашање - Кои се ограничувачки фактори за развој на руралниот туризмот?, најголем дел од испитаните поточно 74 претприемачи се изјаснија дека финансиите претставуваат ограничувачки фактор за инвестирање во областа на руралниот туризам.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Преку сознанијата добиени од истражувањето спроведено во рами на овој труд како и врз основа на теоретскиот осврт во рамки на трудот, може да се заклучи дека Југоисточниот регион на Република Македонија има големи можности и потенцијал за развој на руралниот туризам преку поттикнување на работата на малите и средни претпријатија. Со примена на стумулативни мерки и мерки за финансиска поддршка, малите претпријатија од овој регион треба да се насочат кон туризмот бидејќи реално постојат големи можности за раст и развој. Големината на претпријатијата не ги ограничува од аспект на примена на иновации и претприемничка иницијатива.[93] Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат поставената хипотеза дека постои изразена потреба од системски пристап за поттикнување и унапредување на работата на малите и средни претпријатија во овој сектор, преку воведување на стимулативни финансиски програми наменети за претпријатија во овој сектор. Неинформираноста за можностите за развој и финансирање на бизнисот преку Европските финансиски фондови и банкарски институции во Република Македонија претставува голем ограничувачки фактор. Од друга страна пак непостоењето на специјализирани државни програми и мерки за поттикнување на развојот на претпријатијата кои работат во овој сектор, упатува на тоа дека постои изразена потреба во институционални рамки и во рамки на локалната заедница  да се примени усогласен пристап и имплементација на соодветни финансиски програми и мерки преку кои ќе се создадат услови за интензивен развој на претпријатијата во секторот на рурален туризам. Неискористените можности кои ги нудат Европските финансиски фондови претставува голем предизвик за сите чинители вклучени во овој сектор, државни и приватни субјекти и истите можат да придонесат за унапредување на оваа дејност. Добиените резултати укажуваат на тоа дека претприемачите не се информирани за постоењето на специјализирани финансиски програми наменети за финансирање на овој тип претпријатија што претствува ограничувачки фактор. Претпријатијата во овој сектор постојано се соочуваат со нови предизвици кои се наметнати од новите услови во работење  но со застапеност на традиционалниот начин и филозофија на работа карактеристични за руралниот туризам. Тоа ја наметнува потребата од системски пристап за воведување на програми за промоција на руралниот туризам и информирање на потенцијалните претприемачи за можностите за финансирање на овој вид бизнис.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Бојаџиоски Д., Блажеска О., (2009), Економика на претпријатие, Економски факултет, Скопје
[2] Burkart, A.J. and Medlik, S. (1974). Tourism. Past, Present and Future. London: Heinemann
[3] Bohdanowicz, P., „European hoteliers' environmental attitudes: Greening the business“, Cornell Hotel and Restaurant Administration Quarterly, 46, 2005
[4] Duffy, R., „A trip too far: ecotourism, politics, and exploitation“, Earthscan Publications Ltd
[5] Методијески Д., АцковскаМ., Петровска Ангеловска Н.,Филипоски О., Еко туризам, Штип, 2017
[6] Муќиновиќ, Љ., "Современ лексикон на странски зборови и изрази", Наша книга, Скопје, 1990 г.
[7] Kim, H., Woo, E., Uysal, M. (2015), "Tourism experience and quality of life among eldery tourists", Tourism Management, Vol. 46, pp. 465–476. Kirpalani, V. H. (1987), "International Marketing and the Quality-of-life", in Samli, A.C. (Ed.), Marketing
[8] Nitashree M.( 2012), Rural Tourism Development: An Overview of Tourism in the Tipam Phakey Village of Naharkatia in Dibrugarh District, Assam (India), *International Journal of Scientific and Research Publications,* Volume 2, Issue 12

[93] Drucker P.( 2005), " Управување во новото општество ", Адижес, Нови Сад, 2005, стр.82

[9] Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија“, Министерство за животна средина и просторно планирање, 2004
[10] Закон за животна средина“, Службен весник на РМ, 53/2005
[11] Закон за заштита на природата“, Службен весник на РМ, 67/2004
[12] Закон за туристичка дејност“, Службен весник на РМ, 62/2004
[13] WTO (1998). Tourism: 2020 Vision. Madrid: WTO